Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Архивски број: 08-** 566/6

**Датум:** 10-12-2025 **година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) и став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–566/1 од 14.07.2025 година, поднесена од страна на -----, со адреса на живеење на -----, Скопје против -----, со седиште на -----, Скопје, за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус и друга основа - нетрпеливост, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус и друга основа - нетрпеливост, во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- кон ----- од Скопје.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на лицето ----- од Скопје на ден 14.07.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на личен или општествен статус и друга основа - нетрпеливост, во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- (во натамошниот текст: ----- или потенцијалниот дискриминатор), заверена со бр. 08-566/1. Истата доуредена со Доуредување на 28.07.2025 година, заверено со бр. 08-566/3, по барање на Комисијата со бр. 08-566/2 од 18.07.2025 година.

Во претставката и во нејзиното доуредување, подносителот наведува дека е во работен однос во -----, а како причина за поднесување на претставката, наведува дека е спроведената постапка за утврдување на материјална одговорност заради изгубен/украден мобилен телефон на 25.11.2024 година, која постапка резултирала со утврдена материјална одговорност и донесено решение за надомест во висина од 91.000,00 денари. Постапката била иницирана на 14.01.2025 година, а спроведена на 16.01.2025 година. Наведува дека таков тип на постапка дотогаш во ----- ниту била иницирана, ниту спроведена кон кој било друг вработен во -----, во случаеви коа вработените пријавувале изгубен, украден или оштетен мобилен телефон, од која причина подносителот наведува дека претрпел дискриминација. Понатаму, наведува конкретни примери, како кога во 2017 година една вработена во ----- известила дека телефонот го изгубила, односно и паднал во шахта, а потоа изгубила и уште еден телефон, за што не е познато дали пријавила во полициска станица и дали за тоа е изготвен соодветен записник, но не била покрената никаква постапка за утврдување на материјална одговорност. Понатаму наведува дека во 2018 година, најмалку двајца


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

други вработени пријавиле дека го изгубиле мобилниот телефон, за што приложиле потврда од полициска станица, но за нив не била покрената никаква постапка за утврдување на материјална одговорност. За иста ситуација, наведува дека се случила и во текот на 2020 и 2023 година, и повторно не била покрената соодветна постапка. Во 2023 година, наведува дека еден вработен изгубениот телефон го пријавил при процесот на раздолжување, а не согласно правилата, во моментот на губење и исто така ни против него не била покрената постапка за утврдување на материјална одговорност. Друг пример кој подносителот го посочува како ситуација за компарација се случил во средината на ноември 2024 година, непосредно пред неговиот случај. Имено, вработена од -----, која е распоредена на работна позиција Помошник на директорот, го изгубила мобилниот телефон во соседна земја која ----- и за тој случај по однос на вработената не била покрената никаква постапка, ниту за утврдување дисциплинска или материјална одговорност друг вид на одговорност, иако како што наведува подносителот било констатирано прекршување на безбедносни и други протоколи кои важат за вработените во -----, посебно во странство и понатаму дава краток осврт за можните последици.

Во врска со неговиот случај, подносителот наведува дека од страна на ----- било прејудицирано дека телефонот нема да биде пронајден, иако потрагата од надлежните органи се уште траела. Се брзало да се спроведе постапката, пред истекот на 1 година од рокот за амортизација на мобилниот телефон, се со цел да го плати целосниот износ од 91.000,00 денари. Исто така, подносителот наведува дека за други прекршувања на постапката за утврдување на материјална штета има покренато постапки пред надлежен орган.

За компарација, во претставката подносителот наведува дека во ----- постојат и други случаи кога од страна на вработени била предизвикана материјална штета и на други средства за работа, како моторни возила, но исто така, не биле покренати никакви постапки.

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави Барање за произнесување по наводите од претставката и доуредувањето заверено со бр. 08-566/4 од 26.08.2025 година до потенцијалниот дискриминатор.

Во произнесувањето од потенцијалниот дискриминатор, во Комисијата заверено со бр. 08-566/5 од 16.09.2025 година година, наведува дека во случајот на подносителот ----- постапила исклучиво согласно одредбите од Законот за -----, Законот за ----- и постапката е водена од Комисија за утврдување на материјална одговорност и согласно Изјавата дадена од вработениот која е составен дел од Упатството за условите и начинот на користење на мобилни телефони во ----- од ----- година, со која се согласува и се обврзува доделениот службен мобилен телефон да го користи совесно и одговорно, почитувајќи ги упатствата на производителот и на мобилниот оператор, а секоја штета или нефункционалност што ќе настане по негова вина, самиот ќе ја надомести.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот и доуредувањето, како и содржината на произнесувањето на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата ценеше дека врз основа на личен или општествен статус и друга основа – нетрпеливост во областа на работата и работните односи од страна на потенцијалниот дискриминатор кон лицето ----- не се сторени дејствија кои претставуваат дискриминација, во смисла на одредбата од членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со која се утврдува дефиницијата на дискриминација, и тоа: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*".

Имено, со одредбата од членот ----- став (-----) од Законот за ----- („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. -----), се утврдува дека **вработен кој ќе предизвика штета на ----- во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести**. Со членот ----- од истиот закон се утврдува дека секој вработен има право и должност да пријави причинета штета, а во одредбата од членот ----- став (-----) и став (-----) е уредено дека постапката за надоместок на штетата се поведува со барање, поднесено од директорот или од раководител на организациска единица. Членот ----- од истиот закон гласи:

„-----.".

Па така, во смисла на напред наведеното, ----- во конкретниот случај со подносителот постапила исклучиво согласно одредбите од Законот за -----. По поднесено Барање за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност, во врска со член ----- став (-----) од Законот за -----, од страна на директорот на ----- е формирана Комисија која согласно законска и подзаконска регулатива ја спровела постапката. Во смисла на претходно наведената одредба од Законот за -----, и самиот вработен согласно Упатството за условите и начинот на користење на мобилни телефони во ----- од ----- година, има потпишано Изјава со која се согласува и се обврзува доделениот службен мобилен телефон да го користи совесно и одговорно, почитувајќи ги упатствата на производителот и на мобилниот оператор, а секоја штета или нефункционалност што ќе настане по негова вина, самиот ќе ја надомести.

Наведените компаративни ситуации во претставката на подносителот, Комисијата констатираше дека се паушално наведени само како индикации, и истите не се прецизирани и поткрепени со соодветни докази. Исто така, од страна на подносителот, не е доставена никаква доказна документација, која се однесува и на неговиот случај, а која во корелација со прецизни и јасни компаратори и компаративни


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ситуации би можела да најде конекција во смисла на член 6 до Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно се погоре наведено, Комисијата се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

**Скопје,**
**05.12.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита**
**од дискриминација**
**Претседател**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- -----;
- -----;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk